Зентрифуга

Иван Шопов

Изданието е објавено со поддршка од:



Република Северна Македонија
Министерство за култура

БИБЛИОТЕКА – **Наше маало**

Главен уредник
Филип Димевски

Наслов на оригиналот
Иван Шопов, Зентрифуга

© Иван Шопов, 2024
© Бегемот, 2024

Лектура
Ирена Ралева

Компјутерска обработка
Бегемот


Графичко уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Зентрифуга

Иван Шопов

Скопје, 2024



ЛУДНИЦА

Некој во маалото несомнено има вишок слободно време. Како, инаку, да се објасни фактот што секој ден некој од соседите, откако претходната вечер ќе ги закачи испраните алишта да се сушат на терасата, следното утро ќе ги најде со зашиени, споени ракави? Никој не може да се сети дека видел сомнителен дојденец, младите што доцна се прибираат дома не начекале некој да се плетка околу алиштата што се сушат, а ниту побогатите жители на маалото не забележале ништо сомнително на снимките од безбедносните камери.

Безобразниот шивач спокојно продолжува со својата еднолична интервенција и ги спојува ракавите на сите алишта што ќе ги начека испружени на терасите. Веќе еден месец успева да остане незабележан, а нервозата меѓу соседите расте.

Баба Јорданка од третиот кат спие на полско креветче на својата тераса, Перо од првиот кат

со аларм се буди на секој час од полноќ до седум наутро, пензионираниот генерал Трајан патролира во пижами носејќи кубур со музејска вредност, тетка Марија пружа алишта на кои самата им ги зашила ракавите, во обид да го збуни непознатиот безобразник, а Борис, младиот и надежен адвокат, одвреме-навреме ќе извика гласно од прозорецот на својата дневна соба: аха, те фатив! – и покрај тоа што во близина нема никој сомнителен.

Чичко Анѓеле, додека на својот балкон на приземјето ги полева цвеќињата, им дофрла на комшиите собрани да заседаваат за горливиот проблем дека маалото сè повеќе заличува на лудница. Тој е единствен што на прозорците од станот има решетки, како што објаснува самиот, поставени од безбедносни причини.